УСПИ.бр.24/2016
УСПИ.бр.25/2016

УПРАВНИОТ СУД, во совет составен од судиите: Драгослав Радичевски - претседател на советот, Габријела Михајловска и Лулзим Салиу - членови на советот, со записничар Љубица Стојковска Перковска - виш судски соработник, решавајќи по предлогот за заштита поради незаконито дејствие по член 55 од Законот за управните спорови со предлог за издавање на времена мерка поднесен од Сојуз на синдикати на Македонија преку овластено лице в.д.претседател Дарко Димовски од Скопје преку полномошник Адвокатско друштво Давидовиќ и Јанковиќ од Скопје против Централен регистар на Република Македонија, на седницата одржана на ден 04.01.2016 година, согласно член 26 од Законот за управните спорови, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот за заштита поради незаконито дејствие поднесен од Сојуз на синдикати на Македонија преку овластено лице в.д.претседател Дарко Димовски од Скопје да се задолжи противникот Централен регистар на Република Македонија да изврши упис на промена на овластено лице по барањето на Министерството за труд и социјална политика од ден 14.11.2016 година, на начин што ќе го избрише името на лицето Живко Митревски а ќе го впише името на овластеното лице Дарко Димовски како и предлогот за издавање на времена мерка, СЕ ОТФРЛААТ.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 16.12.2016 година, до Управниот суд е поднесена тужба со предлог за издавање на времена мерка од страна на тужителот Сојуз на синдикати на Македонија преку овластено лице в.д.претседател Дарко Димовски од Скопје преку полномошник Адвокатско друштво Давидовиќ и Јанковиќ од Скопје против Централен регистар на Република Македонија. Со тужбата е побарано да се усвои тужбеното барање и да се задолжи тужениот Централен регистар на Република Македонија да изврши упис на промена на овластено лице по барањето на Министерството за труд и социјална политика од ден 14.11.2016 година, на начин што ќе го избрише името на лицето Живко Митревски а ќе го впише името на овластеното лице Дарко Димовски. Со посебниот предлог за издавање на времена мерка се бара да се забрани на лицето Живко Митревски, отуѓивање и оптоварување на подвижни предмети кои се имот на тужителот, забрана на отуѓување и оптоварување на недвижности кои се имот на тужителот, со прибелешка на забраната во јавна книга и забрана на лицето Живко Митревски да презема дејствија што можат да му нанесат штета на тужителот, како и забрана да се извршат промени на предметите кон кои е насочено побарувањето и налог на носителот на платен промет на тужителот по налог на лицето Живко Митревски, да не дозволи од

сметките на тужителот било какви исплати се до правосилно завршување на постапката за упис и промена на овластено лице на Сојузот на синдикати на Македонија.

Предлогот за издавање на привремена мерка во Управен суд е заведен под У-5.бр.2575/2016 додека пак тужбата е заведена под У-5.бр.2584/2016.

Од страна на Управниот суд со допис У-5.бр.2575/2016 на ден 22.12.2016 година до полномошникот на тужителот е побарано уредување на тужбата со предлогот за издавање на привремена мерка, во смисла на член 8 и член 22 од Законот за управни спорови.

На ден 29.12.2016 со препорачана пратка R.бр.021784723 до Управниот суд е доставен предлог за заштита поради незаконито дејствие поднесен од Сојуз на синдикати на Македонија преку овластено лице в.д.претседател Дарко Димовски од Скопје по член 55 од Законот за управните спорови, со предлог за издавање на времена мерка заведени под УСПИ.бр.24/2016 и УСПИ.бр.25/2016.

Со предлогот се бара да се задолжи противникот Централен регистар на Република Македонија да изврши упис на промена на овластено лице по барањето на Министерството за труд и социјална политика од ден 14.11.2016 година, на начин што ќе го избрише името на лицето Живко Митревски а ќе го впише името на овластеното лице Дарко Димовски.

Постапувајќи по предлогот, Управниот суд најде дека:

Предлогот за заштита од незконито дејствие како и предлогот за издавање на времена мерка се недозволени.

Во предлогот за заштита од незаконито дејствие како и предлогот за издавање на времена мерка како предлагач е наведен Сојуз на синдикати на Македонија преку овластено лице в.д.претседател Дарко Димовски од Скопје преку полномошник Адвокатско друштво Давидовиќ и Јанковиќ од Скопје.

Кон предлогот за заштита од незаконито дејствие како и предлогот за издавање на времена мерка, е доставено полномошно со кое лицето Дарко Димовски од Скопје ги овластува адвокатите во Адвокатското друштво Давидовиќ и Јанковиќ да го застапуваат и да ги превземаат неограничено сите дејствија и да ги употребуваат сите правни средства предвидени со закон и други прописи пред сите судови и институции и во сите постапки пред истите. Полномошното е потпишано од лицето Дарко Димовски, лично.

Согласно член 70 од Законот за парничната постапка странка во постапката може да биде секое физичко и правно лице.

Согласно член 80 од Законот за парничната постапка странките можат да преземаат дејствија во постапката лично или преку полномошници, но судот може да ја повика странката која има полномошник пред судот лично да се изјасни за фактите што треба да се утврдат во парницата.

Со оглед на тоа дека предлагач во предлогот за заштита од незаконито дејствие како и предлогот за издавање на времена мерка е Сојуз на синдикати на Македонија преку овластено лице в.д.претседател Дарко Димовски од Скопје додека пак полномошното за застапување во постапката пред Управниот суд е дадено од страна на Дарко Димовски, како физичко лице, следуваше да се одлучи како во изреката на решението.

Решено во Управниот суд на ден 04.01.2016 година под УСПИ.бр.24/2016 и УСПИ.бр.25/2016.

Записничар - виш судски соработник
Љубица Стојковска Перковска

Претседател на советот - Судија
Драгослав Радичевски

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 3 дена по приемот на истото, преку овој суд до Врховен суд на Република Македонија.

Налог за такса: Се задолжува предлагачот да плати такса за одлука во износ од 480,00 денари во рок од 5 дена по приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Македонија, банка на примач НБРМ, судски такси од физички лица сметка број 1000- 000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРМ сметка број 1000- 000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-1, Програма:00, Начин:2.

Решението да се достави на:
-предлагачот преку полномошник
Адвокатско друштво Давидовиќ и
Јанковиќ од Скопје
-тужениот орган

Претседател на советот - Судија
Драгослав Радичевски